РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Ep.-Nr. 08-780/4
28.07. 2026 год.-viti
Ckonje - Shkup

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21, 58/24 и 124/25), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 65 седница одржана на 19.06.2026 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за акредитација на студиската програма „Меѓународни односи", прв циклус академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС) англиски јазик на Правен факултет при Меѓународен Универзитет „Визион" - Гостивар

1. Се акредитира студиската програма „Меѓународни односи", прв циклус академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС) англиски јазик на Правен факултет при Меѓународен Универзитет „Визион" - Гостивар согласно Законот за високо образование*, Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.245/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 91/2024).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2026/2027 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 240 ЕКТС кредити и со академски назив: Дипломиран по Меѓународни Односи / во меѓународен промет, академски назив: Bachelor of International Relations.

Научно–истражувачко подрачје: 5 Општествени науки; Научно–истражувачко поле: 5.06 Политички науки; Научно–истражувачка област: 5.06.00.01 Политичка теорија, 5.06.00.02 Меѓународни односи, 5.06.00.03 Дипломатија и надворешна политика, 5.06.00.04 Меѓународни организации, 5.06.00.05 Безбедносни студии и 5.06.00.07 Европски и регионални студии.

4. Бројот на студенти кои можат да бидат запишани во прва година, на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение, изнесува 120 студенти.

5. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

По претходно донесената Одлука бр. 0205-682/02 од година 29.12.2025 година од страна на Сенатот на Универзитетот, за усвојување на студиската програма „Меѓународни односи", прв циклус академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС) англиски јазик на Правен факултет при Меѓународен Универзитет „Визион" - Гостивар до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр. 0306-273/01 од 28.04.2026 година (наш бр. 08-780/1 од 29.04.2026 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, орган на Агенција за квалитет во високото образование, на 60-та седница одржана на 04.05.2026 година, формира Стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација, со придружната документација и подготвување на извештај, по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на Стручната комисија, бр.08-780/3 од 23.07.2026 година, согласно Законот за високо образование*, Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 245/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 91/2024). Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.256/22), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 65-та седница одржана на 19.06.2026 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Правна поука: Решението за акредитација на студиската програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Зоран Марков